### 4.2.Прифатилиште и медицински третман

Секое заловено животно се носи во прифатилиште кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начи на кој нема да му причинува никаква болка или траума.

Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација; дехелментизација; вакцинација; обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општината.

За да постои центар за привремен престој на животните (понатаму Транзитен центар) или Прифатилиште, неопходно е овој објект да ги задоволува пропишаните норми во ПРАВИЛНИКОТ за техничките услови во прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот за водење евиденција и начинот за вршење надзор, форма и содржина на регистарот и начинот на регистрација, како и информации потребни за регистрација.

Прифатилиштето е објект од тврда градба, лоциран на одредено место во локалната самоуправа, опремен со соодветни простории за медицински третман, како и кафези - боксови за сместување на животните.

Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Прифатилиштата треба да обезбедат спроведување на соодветни мерки и персонал со цел за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е неопходно лекување на животните.

### 4.3.Стерилизација и кастрација (овариохистеректомија и орхиектомија)

Стерилизација е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил овој проблем на напуштени кучиња.